РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-9658/2

07-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-та седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-9658/1 од 20.12.2022 година, во врска со личен имотен проблем на подносителот на пријавата, за кој била донесена Пресуда од Основниот суд во --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за наводите од предметот се воделе/во тек е постапка пред надлежни судски органи.

Предметот со број 12-9658/1 од 20.12.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 20.12.2022 година, поднесена е пријава која се изнесени наводи за личен имотен спор на подносителот, а за кој била донесена Пресуда од Основниот суд ----------- и оформен е предмет број 12-9658/1 од 20.12.2022 година.

Во пријавата подносителот укажува на незадоволство во врска со имотно-правен спор за кој била водена судска постапка, а која се однесувала на поделба на недвижен имот – куќа, во која подносителот на пријавата живеел подолго од 50 (педесет) години.

Имено, како што е наведено во пријавата неговиот проблем настанал кога при поделба на имот, со донесена Пресуда од Основниот суд ----------, било одлучено дел од просториите кои претходно ги имал во владение да преминат во сопственост на друго лице, кое исто така имал право на сопственост на дел од истата семејна куќа.

Подносителот наведува дека поради тоа бил приморан да обезбедува друг пристап односно влез во просториите каде што живеел.

Во врска со предметот подносителот со соодветен допис доставен до Бирото за судски вештачења побарал да биде изземено ангажираното вешто лице кое воедно бил и градежен инспектор, за што наведува дека со денот на поднесување на пријавата не добил одговор.

Исто така наведува дека во тек била постапка по предметот пред Апелациониот суд ------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, од причина што за предметните наводи се воделе/во тек е постапка пред надлежни судски органи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk